МАКЕДОНИЈА

# ЗНМ го повика Уставниот суд да им дозволи на новинарите следење на утрешната седница

15. МАРТ 2016 - 18:06 | МАКФАКС

Ми се допаѓа Сподели 9 Tweet G+1 2

**Здружението на новинарите на Македонија го повикува Уставниот суд да им дозволи на новинарите да ја следат утрешната седница на која се очекува да расправа за оценување на уставноста на одредени членови од Законот за помилување.**

Според ЗНМ, одлуката јавноста да се исклучи од утрешната седница е во спротивност со Деловникот на Уставниот суд, бидејќи во членот 83 е предвидено дека работата на Уставниот суд е јавна.

„Ниту една причина за затворање на седницата за јавноста предвидено со член 85 од Деловникот не е исполнета. Потсетуваме дека јавноста од расправите, седниците и подготвителните седници на Уставен суд може да се исклучи ако тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на земјата, чувањето на државата, службената или деловната тајна, заштита на јавниот морал, но и во други оправдани случаи што ги определува Судот“, велат од ЗНМ.

Тие уште додаваат дека во овој случај не е јасно која е причината за исклучување на јавноста од седницата, кое е објаснувањето и кој ја донел ваквата одука.

Ми се допаѓа Сподели 9 Tweet G+1 2

## Коментирај

## СЛИЧНИ



Уставниот суд ја образложи одлуката за помилувањето


ЕУ: Евентуална одлука на Иванов да помилува за изборни манипулации ќе биде во спротивност на СЈО

## МАКЕДОНИЈА


Облачно и посвежо време

Груевски: Оваа криза ќе се решава со гласачко ливче

Заев: Повикувам на широк граѓански фронт за слободна Македонија

Вељаноски на 15 април ќе ги распише изборите за 5 јуни